# ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

Оваа политика на приватност дава информации за обработката на лични податоци кога ја посетувате нашата интернет-страница и/или користите некоја од нашите содржини. Обработката на вашите лични податоци ја извршуваме почитувајќи ги сите начела поврзани со обработката на личните податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

**Содржина**


1. Кој е контролор на збирките на лични податоци и како можете да нè контактирате?................ 2
2. Офицер за заштита на лични податоци................ 2
3. Чии податоци собираме? ................ 2
4. Категории податоци што се обработуваат................ 3
5. Како ги собираме личните податоци?................ 4
6. Законитост и цел за обработка на вашите лични податоци................ 4
7. Категории корисници на лични податоци ................ 6
8. Време на чување на собраните податоци ................ 7
9. Кои се вашите права?................ 8
10. Безбедност на вашите лични податоци ................ 11
11. Пренос на лични податоци................ 12
12. Право на поднесување на Барање до АЗЛП ................ 12
13. Промена на Политиката за приватност ................ 12

1. **Кој е контролор на збирките на лични податоци и како можете да нè контактирате?**

Контролор на збирки на лични податоци е **Друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје** (во натамошниот текст: **А1 Македонија**), со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1, 1000 Скопје, РС Македонија и ЕМБС 7068310.

Исто така може да нè контактирате и преку следните канали:

- Тел. +389 2 3100077
- е-пошта: kontakt@a1.mk
- Грижа за корисници: 077 1234
- факс: 077 1235
- контакт формата на веб-страницата – Корисничка поддршка (https://www.a1.mk/poddrska?portletAction=showContactForm )
- Мојот А1 (апликација)
- Преку други јавно достапни канали на комуникација

Нашите профили на социјалните мрежи не се официјални канали за комуникација, меѓутоа и преку нив постои можност за комуницирање и воедно за споделување лични податоци.

2. **Офицер за заштита на лични податоци**

Информации во врска обработката на вашите лични податоци и/или за остварување на вашите права за заштита на лични податоци, можете да добиете од нашиот офицер за заштита на лични податоци:

Ѓорѓи Рајчиноски
e-mail: dpo@a1.mk; Gjorgji.rajchinoski@a1.mk
телефон: 077 772 438

3. **Чии податоци собираме?**

Преку веб-страницата можеме да собираме податоци поврзани со следниве категории лица:

- Посетители на нашата интернет-страница. Вообичаено собираме податоци за навигација (види подолу) кои се користат за анализирањето на податоците од посетите на нашата веб-страница, како и за одржување информациска сигурност на нашата веб-страница. За употребата на колачиња, прочитајте повеќе на нашата Политика за користење колачиња.

- Физички лица

При посета на интернет-страницата, А1 Македонија ги обработува вашите лични податоци (лични податоци за идентификација и информации за контакт), само доколку доброволно ги дадете преку регистрирање на нашата интернет-страница или пристапите до страницата користејќи линкови што функционираат на тој начин што повлекуваат ваши податоци, заради користење на нашите услуги и производи, какви што се активирање или деактивирање одредени услуги, припејд регистрација, информирање за

состојбата во врска со вашиот претплатнички однос, електронски нарачки при онлајн продажба, електронско плаќање сметка, електронско надополнување припејд кредит, најавување на апликации, наградни игри, анкети и други.

*При електронска наплата на сметки, надополнување припејд кредит или електронски нарачки при онлајн продажба, А1 Македонија нема пристап до податоците поврзани со вашата платежна картичка или сметка во банка, бидејќи тие се испраќаат директно до сертифициран центар за процесирање трансакции со платежни картички и до банката преку сигурносна врска.*

## 4. Категории податоци што се обработуваат

➢ Податоци за навигација

При посетата на нашата интернет-страница, за секој посетител се креираат логови со следниве податоци:

- вашата интернет протокол (IP) адреса;
- уредот од кој пристапувате, вид и модел;
- вашиот оперативен систем;
- видот на пребарувачот, plugins и верзија;
- страниците што ги посетувате на нашата веб-страница и времето што го минувате на секоја страница;
- URL на страницата што ве префрлила на нашата веб-страница и во некои случаи, термините што сте ги користеле во обидот да ја најдете страницата на Метаморфозис;
- јазикот на пребарувачот што го користите;
- држава (се одредува преку IP-адресата).

Серверските логови автоматски се бришат во рок од 15 дена, освен доколку околностите наложуваат подолго задржување, на пример, за да се истражи вирус или злонамерен напад.

Самостојно ги одржуваме серверите и сите активности на веб-страницата ги спроведуваме интерно, вклучувајќи ги логовите што се креираат и анализирањето на податоците што се пренесуваат од посетите на нашата веб-страница.

➢ Податоци што корисниците доброволно ги доставуваат

Лични податоци што ги прибираме од вашата посета на нашата веб-страница се оние што вие доброволно ги доставувате за конкретни цели, како би ни овозможиле да ја реализираме нашата дејност во врска со која било услуга и/или производ што ги нудиме како што е наведено во точката 3 („Чии податоци собираме?") од оваа Политика за приватност.

Може да собираме некоја од следниве категории лични податоци: име и презиме, адреса на живеење, контакт телефон и електронска пошта (e-mail) и др.

❖ А1 Македонија во рамките на своето работење, ги обработува следните категории лични податоци:

а) вашите основни лични податоци: име и презиме, адреса на живеалиште, единствен матичен број (ЕМБГ), датум на раѓање, информации за контакт (електронска пошта, телефонски број), информации за видот на договорниот однос и за вашата платежна способност;

б) дополнителни лични податоци што вие или трети страни ги ставате на располагање во моментот на склучувањето на договорот или за времетраењето на договорот, какви што се дополнителни податоци врз основа на плаќање сметки, број на трансакциска сметка, возраст; ова не вклучува посебни категории лични податоци, особено податоци за расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице;
в) вашите податоци за електронски комуникации, како што следува: (i) податоци потребни за следење и идентификување на изворот на комуникацијата; (ii) податоци потребни за идентификување на дестинацијата на комуникацијата; (iii) податоци потребни за идентификување на датумот, часот и на времетраењето на комуникацијата; (iv) податоци потребни за идентификување на типот на комуникацијата; (v) податоци потребни за идентификување на комуникациската опрема на корисникот или на онаа за која се смета дека е негова; и (vi) податоци потребни за да се идентификува локацијата на мобилната комуникациска опрема;
г) податоци за вашиот комуникациски сообраќај, како податоци што се обработуваат заради пренос на комуникација преку јавна електронска комуникациска мрежа или заради нејзина наплата, како на пр. број минути остварени во повик, број СМС-пораки, број меѓународни повици, времетраење на повици, количина на сообраќај на податоци итн., но не вклучувајќи ја содржината на комуникацијата;
д) податоците што ги собираме преку т.н. колачиња сместени во вашиот пребарувач, како што се IP-адреси од кои се пристапува до веб-страницата, време за пристап и слично. Сите информации за колачиња ќе ги добиете при вашата прва посета на веб-страницата на А1 Македонија, врз чија основа ќе можете да дадете согласност или да одбиете да ги користите колачињата. Важно е да се нагласи дека поставките за колачиња секогаш можат да се приспособат во вашиот веб-пребарувач и дека А1 Македонија ќе ги користи информациите добиени преку колачињата само врз основа на вашата согласност, при посета на интернет-страницата на А1 Македонија www.A1.mk.

## 5. Како ги собираме личните податоци?

Личните податоци ги собираме преку различни канали, и тоа:

- преку вашето користење на нашата веб-страница, вклучувајќи ги овде и формите за контактирање;
- е-пошта: kontakt@a1.mk
- преку пошта;
- директно во продажните салони на А1 Македонија или кај некој од партнерите за продажба (со кои А1 Македонија има склучено Договор за обработка на лични податоци);
- Грижа за корисници: 077 1234;
- телефонска продажба;
- факс: 077 1235;
- контакт формата на веб-страницата – Корисничка поддршка (https://www.a1.mk/poddrska?portletAction=showContactForm);
- Мојот А1 (апликација);
- преку други канали на комуникација.

## 6. Законитост и цел за обработка на вашите лични податоци

Ние ги обработуваме вашите лични податоци собрани преку нашата веб-страница, паметни апликации и другите канали на комуникација само во случај кога имаме правна основа за тоа.

Основа на законитост за обработка на вашите лични податоци во А1 Македонија може да биде:

- **Реализација на договор:**

Ние обработуваме лични податоци за целите на обезбедување и наплата на услуги за електронски комуникации во согласност со ЗЕК. Вашите лични податоци исто така се обработуваат по поднесен приговор/поплака од ваша страна во согласност со важечките прописи (ЗЕК, Закон за заштита на потрошувачи, Законот за заштита на личните податоци и др.), како и за известувањата што треба да ги даваме во согласност со важечките прописи (на пример, известување за зголемена употреба на услуги, испраќање потсетници за плаќање за услуги, известување дека сте во роаминг итн.), како и за подобрување на својата понуда на производи и услуги, а во согласност со применливите законски прописи.

- **Согласност:**

Може да ги користиме вашите лични податоци затоа што од вас сме побарале ваша согласност, која можете да ја повлечете во секое време. Примерите каде што бараме ваша согласност вклучуваат: да ви испраќаме маркетинг пораки и кога вашите податоци ги користиме за профилирање.

Директен маркетинг е секој вид комуникација остварена на кој било начин според најновите технолошки достигнувања, а со цел испраќање рекламна, маркетиншка или пропагандна содржина што е насочена директно до одреден субјект на личните податоци.
По дадена согласност од ваша страна, за време на нашиот договорен однос, А1 Македонија може да ве контактира преку следниве комуникациски канали, доколку за нив имате дадено ваша согласност:
- повик
- SMS/MMS
- е-пошта
- социјалните медиуми
- Апликација/ТВ
- писмено (по пошта)

Профилирање е секоја форма на автоматска обработка на лични податоци, која се состои од користење лични податоци за оценување одредени лични аспекти поврзани со физичкото лице, а особено за анализа или предвидување аспекти што се однесуваат на извршување на професионалните обврски на тоа физичко лице, неговата економска состојба, здравје, лични преференции, интереси, доверливост, однесување, локација или движење.
А1 Македонија ги обработува вашите лични податоци преку профилирање за цели на директен маркетинг за да добие преглед на производи и услуги што вие ги користите најчесто, и соодветно на тоа да може да ви понуди производи и услуги што одговараат на вашите потреби и однесување, а кои може да ви донесат дополнителни придобивки.
На пример:
- ако забележиме дека се движите надвор од границите на нашата држава, можеме да ви понудиме тарифа што ќе биде подобро приспособена за користењето на нашите услуги во странство;
- ако забележиме дека почесто ги гледате нашите филмски ТВ-канали, можеме да ви понудиме специјален пакет што содржи слична содржина;

- ако забележиме дека користите повеќе сообраќај на податоци отколку во тековната тарифа, ние може да ви понудиме тарифа или опција со поголем сообраќај на податоци.

Во оваа смисла, ние ќе обработуваме податоци за тоа како ги користите нашите производи и услуги, каналот на комуникација и вашите демографски и други податоци, во согласност со законските основи.

А1 Македонија врши обработка на лични податоци, вклучувајќи и профилирање, во случај кога постојат релевантни легитимни интереси за обработка, преку автоматска обработка, вклучувајќи и профилирање како што следува:

- анализа на однесување на претплатникот, динамика на плаќањето на сметките, со цел подобри бенефиции за плаќање сметки и вонсудска спогодба за плаќање долг при раскинување договор;
- анализа на однесување на претплатникот, заради превенција на измами;
- прибавување податоци за генералното однесување на претплатникот (реализиран сообраќај, искористен мобилен интернет и др.), како информација при креирање тарифни модели;
- прибавување податоци од претплатникот, со цел анализа на активација на услуги и квалитет на услуги.

➢ Доколку сме побарале ваша согласност за обработка на вашите лични податоци и немаме друга законска основа да продолжиме со таа обработка, а вие ја повлечете вашата согласност, ние ќе ги избришеме вашите лични податоци освен во случај кога со закон се утврдени подолги рокови за нивно чување и обработка.

❖ **Заради исполнување законска обврска на А1 Македонија**

Во одредени случаи ние како контролор имаме законска обврска ди ги обработуваме вашите лични податоци, како што е, на пример, чувањето на личните податоци во случај кога сте воспоставиле деловен однос со А1 Македонија.

❖ **Заради наши легитимни интереси**

Во одредени случаи врз основа на направена анализа/процена, ние можеме да ги обработуваме вашите лични податоци онаму каде што е неопходно и за нашите легитимни интереси на начин што нема да влијае врз вашите права и слободи.

## 7. Категории корисници на лични податоци

Активностите на обработка на лични податоци поврзани со електронските услуги достапни преку интернет-страницата на А1 Македонија, ги извршуваат вработените одговорни за овие услуги или лицата задолжени за извршување на предметните активности. Не споделуваме податоци за вас и/или за вашата посета на нашата веб-страница на трети лица, освен во следните случаи:

- во случај на ангажирање даватели на услуги ако А1 Македонија ги ангажира како обработувачи, со што ќе бидат обврзани да постапуваат по упатствата на А1 Македонија и да обезбедат заштита на личните податоци што се обработуваат при обезбедувањето на тие услуги.

- По барање на суд, полиција или други органи и тела за вршење на нивните надлежности и само ако постои законска основа за тоа.

## 8. Време на чување на собраните податоци

- Податоците што ги собираме, се чуваат во согласност со закон и периодот потребен за постигнување на целта на обработката и се утврдени во интерните акти на А1 Македонија.
- Ако повеќе не ни требаат вашите податоци, ние веднаш ќе ги избришеме или ќе ги направиме анонимни со отстранување на сите детали што ве идентификуваат.
- Според прописите за заштита на личните податоци, А1 Македонија има донесено посебен документ – Список со рокови на чување на личните податоци каде што се наведени сите рокови на чување на личните податоци.

- Во согласност со Законот за електронските комуникации (ЗЕК), ги задржуваме личните податоци за период од една година од денот на издавањето на последната сметка за обезбедените услуги.

Ве молиме земете предвид дека не ги бришеме вашите лични податоци доколку:
- се потребни за обработка при постапка на наплата за електронски комуникациски услуги, т.е. надоместоци за поврзување, а сме овластени да ги обработуваме само до застарувањето на побарувањето во согласност со општите прописи со кои се регулираат облигационо-правните односи. Во таа смисла, вашите лични податоци, вклучувајќи ги и податоците од вашиот комуникациски сообраќај, се чуваат и се обработуваат најдоцна до истекот на сите законски рокови поврзани со пресметка на трошоците на претплатник за користење јавни електронски комуникациски услуги и за трошоците за интерконекција на мрежите, но само до истекот на законските рокови во кои може да се оспори сметката или да се изврши плаќањето; и/или
- е започната постапка на присилна наплата за неплатени побарувања за електронски комуникациски услуги пред надлежните органи; и/или
- е поднесен приговор за одредено користење производи или услуги во законскиот рок, сè до конечно завршување на постапката по приговор во согласност со важечките прописи (на пр. ЗЕК, Законот за заштита на потрошувачи итн.).

Податоците за електронските комуникации се чуваат за период од 12 месеци од датумот на извршената комуникација, со цел да се овозможи достапност на овие податоци заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија.

Податоците за користењето на услугите ги чуваме во согласност со ЗЕК, односно ги бришеме веднаш штом нивната обработка повеќе не е потребна за извршување на нашите комуникациски услуги. Податоците за содржината не се чуваат. Можно е наместо да бидат избришани, вашите податоци да бидат анонимизирани. Во овој случај, сите информации што овозможуваат поврзаност со идентитетот на една личност се трајно отстранети и не постои можност за идентификација на личноста. Во таа смисла, откако вашите лични податоци се анонимизирани, повеќе не вршиме обработка на лични податоци во смисла на Законот за заштита на личните податоци.

*Доколку сакате да бидете информирани дали А1 Македонија обработува ваши лични податоци, за која цел и во кој временски рок ќе го прави тоа, поднесете Барање за пристап до лични податоци и ќе добиете одговор на барањето во рок не подолг од 30 дена. (За вашите права видете подолу!)*

## 9. Кои се Вашите права?

Вашите права во однос на обработката на лични податоци, утврдени во Законот за заштите на личните податоци се следните:

- **право да бидете информирани за обработката на личните податоци**

*Ова право во врска со обработката на Вашите лични податоци преку оваа веб страница, се остварува со објавувањето и навременото ажурирање на оваа Политика за приватност, како и со Политиката за колачиња и останати правила, услови за користење преку кои добивате информации за обработката на личните податоци.*

- **право на пристап до личните податоци**

*(1) Субјектот на личните податоци има право да добие потврда од контролорот дали се обработуваат негови лични податоци или лични податоци за него и доколку се обработуваат, да добие пристап до личните податоци и до следните информации:*
*1) целите на обработката;*
*2) категориите на лични податоци кои се обработуваат;*
*3) корисниците или категориите на корисници на кои се откриени или ќе бидат откриени личните податоци, особено корисниците во трети земји или меѓународни организации;*
*4) предвидениот рок за кој ќе се чуваат личните податоци, а ако тоа не е возможно, критериумите што се користат за одредување на тој период;*
*5) постоењето на право да се бара од страна на контролорот исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката на личните податоци поврзани со субјектот на личните податоци, или право на приговор против таквата обработка;*
*6) правото на поднесување на барање до Агенцијата согласно со членот 97 од овој закон;*
*7) кога личните податоци не се собираат од субјектот на личните податоци, сите достапни информации за нивниот извор;*
*8) постоењето на автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи го и профилирањето како што е наведено согласно со членот 26 ставови (1) и (4) од овој закон и најмалку во оние случаи, кога е вклучена значајна информација за логиката на обработката, како и значењето и предвидените последици од таквата обработка за субјектот на личните податоци.*
*(2) Кога личните податоци се пренесуваат во трета земја или меѓународна организација, субјектот на личните податоци има право да биде информиран за соодветните заштитни мерки кои се однесуваат на преносот согласно со членот 50 од овој закон.*
*(3) Контролорот е должен да обезбеди копија од личните податоци што се обработуваат. За сите дополнителни копии побарани од субјектот на личните податоци, контролорот донесува одлука дали ќе наплати надоместок. Доколку контролорот наплати надоместок, висината на истиот зависи од обемот, сложеноста и времето потребно за обезбедување на копиите. Ако субјектот на личните податоци поднесе барање по електронски пат, на субјектот на личните податоци информациите ќе му бидат обезбедени на вообичаен начин кој се користи во случај на електронска форма, освен ако субјектот на личните податоци не побарал поинаку.*

- **право на исправка**

*Субјектот на личните податоци има право да побара и да добие од контролорот во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето, исправка на неговите неточни лични податоци. Земајќи ги предвид целите на обработката, субјектот на личните податоци има право да ги дополни нецелосните лични податоци, со давање на дополнителна изјава.*

- **право на бришење на личните податоци**

*(1) Субјектот на личните податоци има право да побара од контролорот да ги избрише неговите лични податоци при што контролорот има обврска да ги избрише личните податоци во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за бришење, ако е исполнет еден од следните услови:*
*1) личните податоци повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани или обработени на друг начин;*
*2) субјектот на личните податоци ја повлекува својата согласност врз која се заснова обработката на податоците согласно со членовите 10 став (1) точка 1) и 13 став (2) од овој закон и ако не постои друга законска основа за обработка;*
*3) субјектот на личните податоци поднесе приговор на обработката согласно со членот 25 став (1) од овој закон, при што не постојат преовладувачки легитимни цели за обработката, или субјектот на личните податоци поднесе приговор на обработката согласно со членот 25 став (2) од овој закон;*
*4) личните податоци биле незаконски обработени;*
*5) личните податоци треба да бидат избришани со цел почитување на обврска утврдена со закон која се однесува на контролорот;*
*6) личните податоци биле собрани во врска со понудата на услуги на информатичко општество, согласно со членот 12 став (1) од овој закон.*
*(2) Кога контролорот ги објавил јавно личните податоци и е должен во согласност со ставот (1) на овој член да ги избрише личните податоци, тогаш контролорот презема дејствија, вклучувајќи технички мерки за да ги извести другите контролори кои ги обработуваат личните податоци дека субјектот на личните податоци побарал бришење на сите линкови или копии или репродукции на личните податоци од страна на тие контролори, земајќи ги предвид достапната технологија и трошоците на спроведувањето.*
*(3) Ставовите (1) и (2) на овој член не се применуваат до оној степен до кој обработката е неопходна:*
*а) за остварувањето на правото на слобода на изразување и информирање;*
*б) за усогласување со законска обврска која бара обработка според закон што се применува во однос на контролорот, или за извршување на работи од јавен интерес или при вршење на јавно овластување утврдено со закон доделено на контролорот;*
*в) од причини од јавен интерес во областа на јавното здравство согласно со членот 13 став (2) точки 8) и 9) и став (3) од овој закон;*
*г) за целите на архивирање од јавен интерес, за цели на научни или историски истражувања или за статистички цели, согласно со членот 86 став (1) од овој закон, доколку постои веројатност правото утврдено во ставот (1) на овој член да се направи невозможно или сериозно да го отежне постигнувањето на целите на таа обработка или*
*д) за воспоставување, остварување или одбрана на барања засновани на закон.*

- **право на ограничување на обработката на личните податоци**

*(1) Субјектот на личните податоци има право да побара ограничување на обработката од контролорот, ако е исполнет еден од следните услови:*
*а) точноста на личните податоци се оспорува од субјектот на личните податоци, за период кој му овозможува на контролорот да ја провери точноста на личните податоци;*
*б) обработката е незаконска и субјектот на личните податоци се спротивставува на бришењето на личните податоци, при што наместо тоа бара ограничување на нивната употреба;*
*в) за целите на обработка, контролорот нема повеќе потреба од личните податоци, но субјектот на личните податоци ги бара за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања;*
*г) субјектот на личните податоци се спротивставува на обработката согласно со членот*

*25 став (1) од овој закон во очекување на верификација дали легитимните интереси на контролорот преовладуваат над интересите на субјектот на личните податоци.*
*(2) Кога обработката е ограничена според ставот (1) на овој член, таквите лични податоци може да се обработуваат, само со согласност на субјектот на личните податоци со исклучок на нивното чување, или за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања или за заштита на правата на друго физичко или правно лице или поради важни причини од јавен интерес.*
*(3) Кога субјектот на личните податоци го остварил правото на ограничување на обработката согласно со ставот (1) на овој член, тогаш контролорот го информира пред да престане ограничувањето на обработката.*

- **право на преносливост на податоците**

*(1) Субјектот на личните податоци има право да ги добие неговите лични податоци, а кои тој ги има дадено на контролорот во структуриран, вообичаено користен, машински читлив формат при што има право да ги пренесе тие податоци на друг контролор без попречување од страна на контролорот на кого личните податоци се дадени, ако:*
*а) обработката е заснована врз основа на согласност според член 10 став (1) алинеја 1 или член 13 став (2) точка 1) од овој закон, или врз основа на договорна обврска според член 10 став (1) алинеја 2 од овој закон и*
*б) обработката се врши на автоматизиран начин.*
*(2) При остварувањето на правото на преносливост на податоците од ставот (1) на овој член, субјектот на личните податоци има право да добие директен пренос на личните податоци од еден контролор на друг, ако тоа е технички возможно.*
*(3) Остварувањето на правото од ставот (1) на овој член не го исклучува остварувањето на правото утврдено во членот 21 од овој закон. Правото од ставот (1) на овој член не се однесува на обработката потребна за извршување на работи од јавен интерес или при вршење на службеното овластување доделено на контролорот.*
*(4) Правото на преносливост на податоците наведено во ставот (1) на овој член, не смее да влијае негативно врз правата и слободите на другите физички лица.*

- **право на приговор**

*(1) Субјектот на личните податоци врз основа на конкретна ситуација поврзана со него има право да поднесе приговор до контролорот во секое време, против обработката на неговите лични податоци, врз основа на членот 10 став (1) алинеи 5 или 6 од овој закон, вклучувајќи и профилирање засновано на овие одредби. Контролорот не може повеќе да врши обработка на личните податоци, освен ако докаже дека постојат релевантни легитимни интереси за обработка, кои преовладуваат над интересите, правата и слободите на субјектот на личните податоци, или за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања.*
*(2) Доколку личните податоци се обработуваат за цели на директен маркетинг, субјектот на личните податоци има право во секое време да поднесе приговор на обработката на неговите лични податоци поврзани со овој вид на маркетинг, кој вклучува и профилирање до оној степен до кој истото е поврзано со директниот маркетинг.*
*(3) Кога субјектот на личните податоци приговара на обработката на неговите лични податоци за цели на директен маркетинг, контролорот ја запира натамошната обработка на личните податоци за тие цели.*
*(4) Најдоцна до моментот на првата комуникација со субјектот на личните податоци, субјектот на личните податоци мора изречно да биде известен за неговото право утврдено во ставовите (1) и (2) на овој член, при што известувањето мора да се направи на јасен начин и одвоено од било која друга информација.*

*(5) Во контекст на користењето на услугите на информатичкото општество и независно од прописите за електронските комуникации, субјектот на личните податоци може да го користи правото на приговор преку автоматски средства со користење на технички спецификации.*
*(6) Кога личните податоци се обработуваат за цели на научни или историски истражувања или за статистички цели во согласност со членот 86 став (1) од овој закон, субјектот на личните податоци има право, врз основа на конкретната ситуација поврзана со него да поднесе приговор против обработката на неговите лични податоци, освен ако обработката е неопходна за реализирање на работи од јавен интерес.*

- **автоматско донесување на поединечни одлуки, вклучувајќи и профилирање**

*(1) Субјектот на личните податоци има право да не биде предмет на одлука заснована единствено на автоматизирана обработка, вклучувајќи го и профилирањето што предизвикува правни последици за него или на сличен начин значително влијае на него.*
*(2) Ставот (1) на овој член не се применува ако одлуката:*
*а) е потребна за склучување или извршување на договор меѓу субјектот на личните податоци и контролорот;*
*б) е дозволена со закон што се применува во однос на контролорот, и во кој исто така се предвидени соодветни мерки за заштита на правата и слободите и легитимните интереси на субјектот на личните податоци или*
*в) се заснова на изречна согласност на субјектот на личните податоци.*
*(3) Во случаите наведени во ставот (2) точките (а) и (в) на овој член, контролорот е должен да примени соодветни мерки за заштита на правата и слободите, како и на легитимните интереси на субјектот на личните податоци, а најмалку право на обезбедување на човечка интервенција од страна на контролорот, право на изразување на личен став и право на оспорување на таквата одлука.*
*(4) Одлуките од ставот (2) на овој член не смеат да се засноваат на посебни категории на лични податоци, освен ако се применува членот 13 став (2) точка 1) или 7) од овој закон, при што се воспоставени и соодветни мерки за заштита на правата и слободите и легитимните интереси на субјектот на личните податоци.*

За дополнителни информации и/или остварување на вашите права за заштита на лични податоци, можете да го контактирате нашиот офицер за заштита на лични податоци (Ѓорѓи Рајчиноски, e-mail: dpo@a1.mk, Gjorgji.rajchinoski@a1.mk телефон: 077 772 438).

## 10.Безбедност на вашите лични податоци

А1 Македонија применува соодветни технички и организациски мерки за да обезбеди безбедност на вашите лични податоци од нивна неовластена обработка или од случајно губење, оштетување или уништување, според најновите технолошки достигнувања.
А1 Македонија укажува на потребата за избор на безбедна лозинка кога ќе побараме од вас да поставите лозинка за пристап до делови од нашата веб-страница или апликации.
А1 Македонија препорачува да ги чувате лозинките и кодовите за верификација што ви ги испраќа А1 Македонија (по е-мејл или по СМС) доверливи и да не ги споделувате со никој друг, вклучително и со некој што работи или се претставува дека работи во А1 Македонија.

## 11. Пренос на лични податоци

Дел од личните податоци што ги собираме за вас може да бидат пренесени надвор од територијата на РС Македонија, при што ние ќе продолжиме да ги штитиме вашите лични податоци што ги пренесуваме во согласност со оваа политика за приватност, документацијата на А1 Македонија и прописите за заштита на личните податоци. Секогаш кога ги пренесуваме вашите лични податоци, обезбедуваме нивна заштита преку доследно почитување и применување соодветни заштитни мерки во согласност со прописите за заштита на личните податоци што го уредуваат преносот на личните податоци.

## 12.Право на поднесување Барање до АЗЛП

Ако сметате дека начинот на кој А1 Македонија ги обработува вашите лични податоци ги повредува одредбите на Законот за заштита на личните податоци, можете да поднесете барање до АЗЛП како надзорно тело, во согласност со член 97 од Законот за заштита на личните податоци.

## 13.Промена на Политиката за приватност

Политиката за приватност редовно ќе се менува и ќе се дополнува соодветно на настанатите промени и нашите активности.